МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА,
РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

**До:** **Носители на лиценца за вршење на енергетски контроли на згради**

**Предмет**: Информација

Почитувани,

врз основа на Законот за енергетска ефикасност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/10, 110/21, 236/22, 147/24, 74/25 и 193/25) ве потсетуваме за следното:

1) согласно член 41, став 13 имате обврска да доставите до Министерството доказ од надлежен орган за водење на евиденција на вработени лица за исполнување на условот од ставот (1) на овој член, а особено:
   - Преглед na пријави/одјави во задолжително социјално осигурување за лице, заклучно со 31.12.2025 од Агенцијата за вработување на РСМ
   - Образец М1/М2 со датум на издавање од декември 2025 година

2) согласно член 41, став 14 имате обврска да доставите до Министерството годишен Извештај за спроведените енергетски контроли на згради во претходната календарска година, кон кој ќе ги приложите сите поединечни извештаи за извршените енергетски контроли за извештајниот период.

Бараните документи со пропратното писмо да ги доставите преку архивата на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

Со почит,
Сектор за енергетска ефикасност и климатски промени

**Министерство за енергетика,**
**рударство и минерални суровини**


Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
ул. „Македонија“ бр. 27, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3131062
+389 2 3150033
www.energy.gov.mk